To all Sakam
Knigi members –
With love,
Julie James

**ИЗДАВАЧКА КУЌА САКАМ КНИГИ**

*www.sakamknigi.mk*

***Местото каде ќе дознаеш
што навистина
вреди да се прочита...***

Наслов на оригиналот издаден од страна на ***Berkley, Penguin Group.***

**Practice makes perfect**
**© Julie James, 2009**

**Copyright © за македонското издание**

Издавачка куќа **Сакам книги, 2011**
*Сите права обезбедени и задржани во договор со BERKLEY, Penguin Group*

**Превод** Ивана Николовска
**Коректура** Александра Христов
**Лектор** Марија Иванова

**Главен уредник** Ивана Николовска
**Маркет менаџер** Деана Николовска
**Дизајн на корица** Диме Спасев
**Компјутерска обработка** Владимир Мирчевски

Сите права за книгата се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од издавачот.

# НЕКА ПОБЕДИ ПОДОБРИОТ

ЏУЛИ ЏЕЈМС

Авторот на бестселерот „Само најсекси маж кој постои“

Сакам книги
Ако и ти сакаш книги...

За Цексон

# ЕДЕН

## АЛАРМОТ ПОЧНА ДА ЅВОНИ ВО 05.30.

Пејтон Кендал поспано ја крена раката кон масичката и несмасно го преврте часовникот додека се обидуваше да го запре ужасното бипкање. Удобно лежеше во креветот, стуткана во својата пријатна постелнина и неколку перници. Трепкаше и се расонуваше. Уживаше во првите - и последни - неколку секунди во денот кои можеше да ги нарече „свои“. Тогаш, таа одеднаш се сети и скокна од креветот.

Денес беше денот. ТОЈ ден.

Пејтон имаше план за утрово - имаше наместено аларм што требаше да ја разбуди половина час порано од вообичаеното. Имаше причина за тоа: таа веќе некое време ја набљудуваше *неговата* секојдневна рутина и заклучи дека *тој* секое утро пристигнува во канцеларијата во 07.00 часот. Знаеше дека тој сака да пристигнува прв на работа секој ден. Како и да е, ова утро таа имаше намера да биде таму кога тој ќе пристигне. Да го чека.

Ја имаше замислено и зацртано целата слика во главата - имаше во план да се однесува сосема опуштено и нормално. Да седи во својата канцеларија и кога ќе го чуе дека влегува, „случајно“ да излезе за да земе нешто од





печатачот. Ќе му рече „добро утро“ со насмевка на усните. И без да има потреба да каже нешто друго, тој многу добро ќе знае што значи таа насмевка.

Тој сигурно ќе носи некој од своите дизајнерски костуми, некој од оние за кои Пејтон знаеше дека му беа правени по нарачка за така совршено да му прилегаат. „Човекот знае како се носи костум“ - Пејтон ги имаше начуено секретарките како озборуваат покрај кафематот до собата за паузи на педесет и третиот кат. Пејтон едвај ја потисна потребата да се надоврзе на коментарот на секретарката, бидејќи не сакаше да ги открие чувствата кои толку долго и толку внимателно се бореше да ги зачува скриени. Знаел како се носи костум, пих...

Заради целта која ја имаше пред себе утрово, Пејтон ги забрза сите елементи од кои се состоеше нејзината утринска рутина. Колку мора да е полесно да си маж, си помисли таа (не за првпат во животот). Не мораш да нанесуваш шминка, не мораш да ја пеглаш косата, не мораш да ги бричиш нозете. Не мораат дури ни да седнат за да мочаат, ах, тие мрзливи копилиња. Истуширај се, избричи се, бам-бам и низ врата за десет минути. Сепак, Пејтон се сомневаше дека *тој* вложуваше малку поголем труд во своите подготовки. Таа *негова* совршено несовршена, разбушавена - баш колку што треба - коса сигурно бараше одреден козметички производ или нешто такво. И (од она што таа лично го имаше забележано) тој никогаш не носеше иста комбинација на кошула и вратоврска во ист месец.

Не дека Пејтон не вложуваше труд во својот изглед. Еден консултант за поротници со кој работеше за време на едно особено комплицирано судење за полова дискриминација ѝ имаше кажано дека поротниците - и мажи и жени - подобро реагираат на женски адвокати кои се привлечни. Пејтон ова го сметаше за жален сексистички факт, но сепак беше факт и таа го прифати, а од него го изведе генералното правило секогаш да биде во најдобро можно светло додека работи. А покрај тоа,

таа попрво би се обесила за малото ножно прсте отколку да му дозволи *нему* да ја види во друго светло освен во најдоброто.

Возењето со подземната железница до канцелариите беше тивко со оглед на тоа што толку рано наутро имаше многу помалку патници. Градот изгледаше како да се буди и расонува додека Пејтон одеше покрај реката Чикаго - три блока надолу кон зградата на адвокатската компанија. Реката блескаше од утринското сонце и добиваше златен отсјај. Пејтон се насмевна додека влегуваше во зградата; денес беше во добро расположение.

Возбудата во неа растеше додека лифтот се приближуваше кон триесет и петтиот кат. Нејзиниот кат. *Неговиот* кат. Вратата од лифтот се отвори и го откри темниот ходник. Секретарките немаше да бидат тука уште најмалку два часа, што беше добра работа. Ако сè одеше според планот, таа имаше намера да му каже неколку работи и ќе може да зборува слободно, без да се плаши дека некој би можел да ги чуе.

Пејтон самоуверено тргна низ ходникот со актовката која се нишаше покрај нејзиното тело додека чекореше. *Неговата* канцеларија беше поблиску до лифтот така што таа мораше да помине покрај неа за да стигне до својата. Поминаа осум години откако се преселија во овие канцеларии - една спроти друга. Таа и во сон можеше да ја види плочката со неговото име која висеше на вратата од неговата канцеларија.

*Џ. Д. Џејмисон.*

Господе, Господе... и самото споменување на неговото име ѝ го забрзуваше пулсот...

Пејтон сврте на аголот и се исклешти додека размислуваше што ќе му каже кога...

Се смрзна во место.

Светлото во неговата канцеларија беше вклучено.

Но - како? Ова не можеше да се случува. Таа стана нездраво рано само за да пристигне прва. Што е со нејзините планови, нејзините големи планови? „Случајното“





одење до печатачот, начинот на кој требаше да се насмее и да му рече „добро утро, Џеј Ди“?

Таа слушна познат, богат баритон зад себе.

„Добро утро, Пејтон.“

Пулсот на Пејтон летна како ракета. Не можеше ништо да направи, тој глас едноставно имаше таков ефект на неа. Се сврте и тој стоеше таму.

Џеј Ди Џејмисон.

Пејтон погледна во него. Во тој момент изгледаше типично Џејмисон - со сакото веќе соблечено, во неговите класични тегет морнарски пантолони на риги и да, таа совршено разбушавена светло кафена коса. Лицето му изгледаше како исончано - најверојатно од играње тенис или голф за викендот - и додека се навалуваше на плакарот зад него ѝ упати една од неговите блескаво бели насмевки како од реклама за паста за заби.

„Реков ’добро утро’“, повтори тој. И така Пејтон го направи она што го правеше секогаш кога ќе го видеше Џеј Ди Џејмисон.

Таа се намурти.

Гомнарот имаше стигнато на работа пред неа.

Повторно.

„Добро утро, Џеј Ди“, одговори таа со саркастичниот тон кој го имаше резервирано специјално за него.

Забележувајќи го времето на нејзиното пристигнување, тој погледна на часовникот, а потоа кон едната и кон другата страна на ходникот. „Ииии - да не го испуштив делењето на картички за ручек? Веќе е пладне?“ рече тој со видливо претерување.

Пејтон *навистина* го мразеше овој тип.

*Никогаш не доаѓам на пладне,* си рече Пејтон во себе, но си го гризна јазикот за да не каже ништо на глас. Не. Немаше намера да паѓа на негово ниво и да се брани од него.

„Можеби ако посветуваш помалку време на водење евиденција за моето доаѓање и заминување, Џеј Ди, а

повеќе време на работа, нема да ти бидат потребни петнаесет часа работа за да наплатиш десет.“

Таа задоволно гледаше додека нејзиниот одговор ја бришеше циничната насмевка од неговото лице. Туше! Со добро извежбан и смирен став, таа се сврте на потпетиците и се упати кон својата канцеларија.

*Толку будалеста работа,* си помисли Пејтон. Овој бескраен натпревар кој Цеј Ди го водеше со неа. Човекот очигледно поминуваше премногу време во концентрирање на она што го правеше таа. Така беше уште од... па, откако помнеше за себе во оваа фирма. Фала му на Бога што таа не се грижеше за такви патетични глупости.

Пејтон влезе во својата канцеларија и ја затвори вратата зад себе. Ја остави актовката на бирото и седна во старата, кожна фотелја. Колку часа имаше поминато во таа фотелја? Колку ноќи имаше поминато таму? Колку викенди имаше жртвувано? И сето тоа за да покаже во фирмата дека таа заслужуваше да биде партнер - дека *таа* беше најдобриот адвокат во својата класа.

Преку стаклениот дел од вратата на канцеларијата можеше да ја види канцеларијата на Цеј Ди од другата страна на ходникот. Тој веќе седеше на неговата фотелја, пред неговиот компјутер и работеше. Ох, а бе да, како да имаше некои многу важни работи да сработи.

Пејтон го извади лаптопот од актовката и го вклучи, подготвена да го започне денот. После сè, таа исто така имаше многу важни работи на кои требаше да се фокусира.

Како на пример, за почеток, на тоа како по ѓаволите планираше да стане во 04.30 следното утро...





# ДВА

## „ГЛЕДАМ ДЕКА ИМАШ НОВ РЕКОРД.“

Пејтон ја крена главата додека Ирма влегуваше во нејзината канцеларија со извештаите за работно време кои Пејтон ѝ ги имаше дадено утрото.

„Ме фаќа депресија и со самото тоа што ги внесувам овие работни часови во системот“, продолжи нејзината секретарка со драматичен тон и воздишка. „Сериозно, морам да побарам да ме преместат кај друг адвокат. Некој чии неделни временски извештаи не се долги како ’Ана Каренина‘.“

Пејтон ја крена едната веѓа додека ги земаше извештаите од секретарката. „Да погодам: нова препорака од Опра?“

Ирма ѝ упати еден поглед кој кажуваше дека стапна на сериозно опасна територија. „Тоа ми звучи како потсмевање.“

„Не, никогаш“, Пејтон ја успокои, обидувајќи се да не се клешти. „Сигурна сум дека книгата е прекрасна.“

Најмалку четирипати годишно Ирма го напушташе Вест Луп за да седи во публика на студиото Харпо и да биде во присуство на Нејзиното Височество Винфри. За неа беа закон сите препораки од ТВ божицата, без разлика од која област: животен стил, литература или

што и да е друго. Сите негативни коментари од страна на Пејтон или некој друг беа табу тема.

Ирма седна на столицата од другата страна на бирото додека чекаше Пејтон да ги потпише завршените извештаи. „Би ти се допаднала. Се работи за една жена која е прилично напредна за своe време."

„Звучи ветувачки", рече Пејтон отсутно додека зјапаше во извештајот за работните часови кој Ирма го имаше испечатено.

„И тогаш се заљубува во погрешен човек", продолжи Ирма.

„Тоа ми звучи како клише, зар не? И тој Толстој го нарекуваат писател?" Пејтон брзо го чкрабна потписот на последната страна и ѝ ги подаде извештаите на Ирма.

„'Тој Толстој' знае многу за врски. Можеби би можела да научиш некоја работа од него."

Пејтон одглуми дека не го слушна коментарот. После долги години работење со Ирма, тие две имаа развиено пријатна, блиска врска и Пејтон имаше научено дека најдобриот начин за да се справи со „индиректните" забелешки на Ирма за нејзиниот приватен живот беше да ги игнорира.

„Ги имаш видено доказите за недостатокот на моето слободно време", рече Пејтон, покажувајќи кон извештаите. „Се плашам дека Толстој ќе мора да почека додека да завршам со судењево", истакна таа. „Но ако Опра знае некоја книга во врска со набавка на судски налог за корпоративни документи - е тоа е нешто за што би можела да бидам заинтересирана."

Забележувајќи го предупредувачкиот поглед на Ирма, Пејтон невино ги крена рацете. „Само колку да си кажам."

„Ќе ти кажам како ќе направиме", рече Ирма. „Ќе ја зачувам книгата за тебе, бидејќи мислам дека после овој месец ќе можеш да земеш една пауза." Таа намигна.

Пејтон се сврте кон компјутерот. И покрај упорните обиди на Ирма да ја натера да разговара на таа тема, Пејтон не сакаше отворено да зборува за тие работи. Ако





ништо друго, таа не сакаше да се урочи и работите да тргнат на лошо. Па, така, само одмавна на забелешката и одглуми ноншалантност.

„Нешто посебно се случува месецов? Јас не знам за нешто такво."

Ирма драматично издува низ носот. „Ти се молам. Ништо друго освен тоа што овој месец ти е обележан со црвено во сите календари во последните осум години."

„Не знам за што зборуваш. И престани да душкаш низ моите календари."

Ирма стана за да замине. „Добро, добро, знам каква си кога се дискутира за овие работи." Таа се упати кон вратата, а потоа застана и се сврте назад. „За малку ќе заборавев - се јави секретарката на господинот Гоулд. Сакаше да знае дали си слободна за да се видиш со него во неговата канцеларија во 13.00 часот."

Пејтон брзо провери. „Ми одговара. Кажи ѝ дека ќе бидам во неговата канцеларија тоа време." Таа почна да го внесува состанокот во својот планер кога ја слушна секретарката како довикува од вратата.

„Хмм, Пејтон - уште една работа?"

Пејтон отсутно ја крена главата. „Да?"

Ирма се насмевна успокојувачки. „Знаеш дека ќе успееш. Го заслужи тоа, па затоа престани да бидеш параноична."

Иако кажаното беше делумна навреда, Пејтон се насмеа. „Фала, Ирма."

Кога секретарката замина, Пејтон си даде неколку секунди за да си ги среди мислите. Погледна кон календарот на нејзиното биро.

Остануваа уште четири недели. Одлуката за тоа кој ќе стане партнер требаше да биде објавена на крајот од месецот. Ако зборуваме искрено, таа имаше прилично голема надеж дека има шанси да успее. Работеше напорно за ова - долги часови, никогаш не одбиваше задачи - и конечно му се гледаше крајот на сето тоа. Целната линија конечно се гледаше.

Пејтон почувствува како нејзиното срцебиење почна да се забрзува додека ѝ дозволуваше на возбудата да се вгнезди во неа барем за еден краткичок момент. А потоа, не сакајќи да дозволи таа да ја понесе предвреме, се смири - и како и секогаш - се зафати со работа.

НЕКОЛКУ МИНУТИ ПРЕД 13.00 часот, Пејтон си ги собра забелешките и папката со резимето за нејзиното судење кои ѝ беа потребни за состанокот со Бен. Не беше сигурна зошто поточно тој сакаше да ја види, но претпоставуваше дека е нешто во врска со судењето кое требаше да започне следната недела. Бен беше главен и одговорен во одделот за парници на фирмата што значеше дека тој ги контролираше сите случаи кои одеа на суд, па дури и оние во кои не беше директно инволвиран.

Како и вообичаено, Пејтон беше малку нервозна додека се подготвуваше за состанокот со нејзиниот шеф. Таа никогаш не знаеше што може да очекува од Бен. И покрај тоа што тој никогаш немаше покажано дека таа го разочарала со својата работа на кој било начин – напротив, тој постојано ѝ даваше највисоки оцени во годишните извештаи за проценка на работата - таа чувствуваше дека, понекогаш, имаше некаква чудна енергија во нивните разговори и интеракции. Не можеше точно да одреди за што станува збор, но одвреме-навреме едноставно добиваше некои чудни вибрации од него. Тој играше топло-ладно со неа; некогаш беше фин, некогаш изгледаше малку... резервиран. Крут. На почетокот таа претпоставуваше дека тоа е дел од неговиот карактер, но неколкупати го имаше видено како лесно и весело се шегува со други соработници. Интересна работа, тоа го правеше само со машките соработници. Таа почна да се сомнева дека Бен имаше проблем во соработката со жени. Тоа дефинитивно не беше некој чуден или невообичаен заклучок. Голем број на адвокатски фирми понекогаш знаеја да бидат конзервативни и за жал, женските адвокати беа оние кои страдаа во тие ситуации. Жените секогаш мораа да се натпреваруваат со „старата, добра мрежа на мажи“.





Како и да е, со оглед на тоа што Бен беше главен на нејзиниот оддел, а истовремено и клучен играч во донесувањето на одлуката дали таа ќе стане партнер или не, Пејтон одлучи да се обиде да воспостави што е можно поблиска врска со него. Во секој случај, таа се сметаше себеси за релативно комуникативна личност со која е лесно да се дружиш. Можеше да се рече дека таа многу добро се сложуваше со сите луѓе со кои работеше, со еден исклучок (а кој воопшто го броеше *него*?).

Пејтон грабна едно пенкало и тефтер, ги стави во својата папка која ја носеше и се упати кон вратата. Бирото на Ирма беше близу на десната страна од нејзината канцеларија, па таа тргна да ја извести својата секретарка дека заминува. Во моментот кога се сврте за да тргне во тој правец, налета и за малку ќе се удреше во некој кој се појави во ходникот од другата страна.

„Ох, извини!“ извика Пејтон, тргнувајќи се настрана за да го избегне судирањето. Со израз на извинување, таа погледна нагоре и...

... го виде Џеј Ди.

Нејзиниот израз веднаш се промени - сега беше нервозна. Воздивна. Денот ѝ одеше толку добро до овој момент. Но тогаш се присети: упс, тие сега имаа публика. Со еден поглед во правец на бирото на нејзината секретарка, таа брзо ја намести својата најљубезна, вештачка насмевка на лицето.

„Па, здраво, Џеј Ди. Како си?“ праша.

Џеј Ди исто така фрли поглед кон секретарките кои работеа во близина. Неговата глума беше еднакво добро усовршена како онаа на Пејтон, па тој ја пресретна нејзината вештачка насмевка со иста таква на неговото лице.

„Ох, колку љубезно од твоја страна што ме прашуваш, Пејтон", тој предеше додека топло гледаше во неа. „Добро сум, ти благодарам. Како си ти?"

Како и секогаш, Пејтон беше иритирана од тоа колку проклето беше висок Џеј Ди. Таа мразеше кога се наоѓаше во позиција тој да ја гледа - во буквална смисла на зборот - од високо. Од друга страна, воопшто не се сомневаше дека тој многу уживаше во истото.

„Добро, ти благодарам", му рече Пејтон. „Само што тргнав кон канцеларијата на Бен." Таа успеа да ја задржи својата љубезна насмевка. Мерил Стрип може да си ги задржи оскарите, но таа дефинитивно можеше да научи една, две работи од Пејтон. *„И оскарот за најдобра глума во преправање дека го сакате вашиот гомнарски колега оди во рацете на Пејтон Кендал!"*

Џеј Ди подзамижа со очите на изјавата на Пејтон, но брзо се врати на својата глума. „Колку убаво изненадување - и јас тргнав натаму", рече тој како тоа да беше најубавата вест која ја слушнал утрото. Потоа галантно ѝ даде знак на Пејтон да тргне пред него - *дамите први*.

Со кратко кимање, таа се сврте и се упати низ ходникот кон канцеларијата на Бен на аголот. Џеј Ди самоуверено одеше покрај неа; за секој негов чекор Пејтон мораше да направи два за да останат во иста линија. Не дека му дозволуваше *нему* да го забележи тоа.

По неколку секунди одење, Џеј Ди разгледа наоколу за да провери дали има сведоци. Откако се увери дека никој не може да ги чуе, ги прекрсти рацете преку градите. Пејтон тоа го препознаваше како заштитен знак на Џеј Ди. Акт на супериорност.

„Па, го видов твоето име во магазинот *Адвокати на Чикаго*", почна тој.

Пејтон се насмевна, бидејќи знаеше дека тој имаше нешто да каже во врска со тоа. Беше задоволна што тој ја видел статијата во последното издание од магазинот. Таа беше во искушение да му испрати примерок по





канцелариската пошта, но сметаше дека би било подобро да открие сам.

„Четириесет опасни адвокати под 40 години", рече таа, повикувајќи се на насловот и со гордост во гласот за нејзиното појавување на листата.

„Четириесет опасни *женски* адвокати под 40 години", истакна Џеј Ди. „Кажи ми, Пејтон, има ли причина поради која вашиот пол смета дека е неопходно така да ги сепарира работите? Можеби се плашите од мала конкуренција од спротивниот пол?"

Пејтон се обиде да не се смее додека ја зафрлаше косата преку рамото. *Само ти сонувај.*

„Ако мојот пол не сака да се натпреварува со машкиот, Џеј Ди, тоа е само заради тоа што се плашиме да паднеме на ваше ниво", одговори таа слатко.

Стигнаа пред вратата од канцеларијата на Бен. Џеј Ди опуштено се навали на рамката од вратата и повторно ги прекрсти рацете преку градите. После осум години, Пејтон многу добро го познаваше и овој гест - тој значеше дека Џеј Ди има намера да почне со некое од неговите предавања. Таа беше деведесет и пет проценти сигурна дека ќе почне со некое од неговите помпезни реторички прашања за кои нема апсолутно никаква намера да ѝ дозволи да го одговори.

„Ајде да те прашам сега вака..." почна тој.

Бинго.

„... што мислиш, што ќе се случеше ако магазинот објавеше статија под наслов 'Четириесет опасни машки адвокати под 40 години'?" Тој си зеде слобода за да одговори наместо неа. „Ти и твоите мали пријателки феминистки ќе го наречевте тоа дискриминација, но зарем не е ова, per se, дискриминација? Зарем не треба и ние мажите да бидеме истакнати во своите листи исто така?"

Џеј Ди ја отвори вратата и ѝ даде знак да влезе. Додека поминуваше покрај него, таа забележа дека Бен сѐ уште не беше во канцеларијата, па таа седна на столицата

пред неговото биро. Кога Цеј Ди седна на столицата до неа, таа се сврте кон него и ладно одговори.

„Многу ми е интересен фактот што еден маж со диплома од универзитетите Принстон и Харвард кој седи до мене во костум на Армани има образ да рече дека *тој* е жртва на дискриминација.“

Цеј Ди ја отвори устата за да проговори, но Пејтон го пресече со прст. Со показалец, не со среден прст. Таа сепак беше дама.

„И покрај тој факт“, продолжи таа „мажите имаат такви ’листи‘. Всушност, има неколку дури и во оваа фирма. Тие се викаат Управен одбор, Одбор на менаџери, Одбор за компензации, голф клуб на компанијата, кошаркарски тим на компанијата...“

„Сакаш да бидеш дел од кошаркарскиот тим?“ Цеј Ди ја прекина, а сините очи му блескаа што беше доказ дека ова навистина го забавуваше.

„Само се обидувам да ти објаснам“, рече Пејтон, потпирајќи се одбранбено на столицата.

„Што да му објасниш?“

Пејтон се исправи кога го слушна гласот. Таа погледна кон нејзиниот шеф, Бен Гоулд, кој самоуверено чекореше низ канцеларијата и седна на својата фотелја. Тој го фиксираше својот љубопитен поглед на неа. Таа се подмести на столицата и се обиде да не се чувствува како да е дел од некое криминално испрашување.

Цеј Ди одговори пред Пејтон да добие шанса. „Ох, ништо посебно“, рече тој со одмавнување на раката. „Пејтон и јас дискутиравме за скорешната одлука на Врховниот суд и таа се обидуваше да ми објасни кое е нејзиното мислење во врска со тоа што судот продолжува да дава отпор кон вплеткувањето во државните права.“

Пејтон го погледна Цеј Ди со крајчето од окото.

*Ха, ха колку си паметен.*

Иако, мораше да признае дека лагата не беше баш плитка со оглед на тоа колку брзо ја смисли.

*Кретен.*





Бен им се насмеа и го сврте вниманието кон пораките кои неговата секретарка му ги имаше оставено на бирото. „Вие двајцата - никогаш не престанувате.“

Пејтон се избори со потребата да преврти со очите. Тој немаше поим што всушност се случуваше помеѓу нив.

Цеј Ди го искористи моментот додека Бен беше концентриран на пораките и се навали кон Пејтон. Ја извади етикетата од неговото сако и ѝ шепна на Пејтон. „Патем, не е Армани. Од Зења[1] е.“ Ѝ намигна.

Пејтон зјапаше во него и беше во искушение да му каже да си го набие костумот *Зења* во задникот.

„Извинете двајцата што ве побарав така во последен момент за да дојдете овде“, рече Бен. „Но претпоставувам дека веќе знаете дека фармацевтската компанија Гибсон заработи огромна тужба за полова дискриминација.“

Пејтон имаше чуено за тужбата претходниот ден - сите весници и телевизии зборуваа за жалбата која тие ја поднеле до федералниот суд во Флорида.

„Вчера беше поднесена жалба до Судијата Маерс“, рече таа за да му даде до знаење на Бен дека беше упатена во случајот.

„Поднесена е по основ на член 7 - речиси 80% од женските вработени на компанијата наводно биле дискриминирани во поглед на вработување, плата и унапредување“, додаде Цеј Ди со брзо погледнување во правец на Пејтон. Тој исто така си ја имаше завршено домашната работа.

Нивната подготвеност и борбеност го натера Бен да се насмевне. Тој се навали наназад и почна да си игра со пенкалото во рака. „Ова е најголемата тужба за полова дискриминација која некогаш била поднесена. Тоа значи гоооолеми пари за адвокатската компанија која ќе го брани синџирот Гибсон.“

Пејтон го виде сјајот во очите на Бен. „А кој ќе биде тоа?“

[1] Скап италијански бренд за машки костуми

Бен ги спои рацете и ги преплете прстите, триејќи го горниот дел од дланките како некој негативен лик во филм на Џејмс Бонд.

„Интересна работа ме прашуваш, Пејтон... Генералниот директор на Гибсон, Џаспер Конрој, сè уште нема донесено одлука за тоа која адвокатска компанија ќе ги застапува. Она што го знаеме е дека тој има направено листа од три најдобри компании во земјата со кои сака да се сретне.“

Џеј Ди се исклешти. „Ајде да се обидам да погодам нешто: нашата фирма е помеѓу тие три.“

Бен кимна, горд на фактот што неговата компанија постојано се рангираше на првите неколку места во светски рамки. „Добар погодок. Утрово добив повик од Џаспер Конрој. Самиот ми се јави.“

Тој покажа кон Џеј Ди и Пејтон. „Тука вие влегувате во игра: Џаспер беше многу конкретен во поглед на тоа каков тим сака за судењето. Тој сака свежи, млади лица кои ќе ја претставуваат компанијата, а не куп старци во костуми како мене.“ Бен се закикоти, свесен за фактот дека четириесет и девет години беше прилично рана возраст за некој да биде директор на оддел за парници во толку престижна фирма. „Јас лично“, продолжи тој „мислам дека Џаспер се обидува да ги избегне високите трошоци кои доаѓаат со ангажирање на постарите адвокати, партнерите и поискусните соработници.“

Пејтон и Џеј Ди беа добри соработници и колеги, па се насмеаја на таа шега дури и покрај тоа што воопшто не им беше смешна.

„Како и да е...“ продолжи Бен, „му кажав на Џаспер дека оваа фирма ги има совршените адвокати за него. Двајца многу искусни, многу професионални сениор адвокати. Вие двајца.“

Ова ја изненади Пејтон, па ѝ беше потребно некое време за да го свари она што Бен им го соопштуваше. Во нејзиниот стомак почна да се раѓа ужасно грдо чувство,





бидејќи разговорот беше насочен во многу, многу лош правец.

Ако некој ја натераше Пејтон да даде заклетва и да се подложи на вкрстено испрашување или уште подобро, ако самиот Џек Бауер[2] ги употребеше своите тактики за испрашување на неа - Пејтон немаше да може да им каже како и кога точно започна војната меѓу неа и Џеј Ди. Искрено, сето тоа траеше толку долго што сега ѝ изгледаше како единствен начин на кој знаат да функционираат. Како работите отсекогаш да биле такви. Како да не можат да бидат поинакви.

Како и да е, тие никогаш се немаа особено договорено за тоа, но таа и Џеј Ди имаа некој взаемен премолчен договор за тоа да не се поднесуваат, но и да си го чуваат тоа само за себе. И двајцата сакаа да бидат успешни на работа повеќе од сè друго и разбираа дека адвокатските фирми беа како градинка: никој не сакаше наставничката да рече дека детето не знае како да си игра со другите деца.

За среќа, одржувањето на нивната шарада беше релативно лесно. Иако беа во иста група, тие немаа работено на ист случај заедно со години. За ова имаше неколку причини: прво, главно правило на фирмата беше сите големи случаи да ги работат тимови составени од еден партнер, еден сениор адвокат и еден или двајца помлади адвокати соработници. Со оглед на тоа што двајцата припаѓаа на иста класа, двајцата беа сениор адвокати, досега немаше причина заедно да работат на ист случај. Втора причина и најверојатно уште поважна беше тоа што двајцата беа специјализирани во различни области од правото. Џеј Ди се занимаваше со големи корпоративни случаи, меѓународни проблеми и тужби. На Пејтон, од друга страна, специјалност ѝ беше правото за работни односи, а особено тужбите за дискриминација.

[2] Главен лик во популарен криминален сериски филм

Нејзините случаи обично беа врзани за помали штети и ризици, но собираа голем публицитет и креваа прашина.

Досега - дали беше среќа или случајност, никој не би знаел да каже - но областите кои самите си ги имаа одбрано многу ретко се преклопуваа.

Очигледно тоа повеќе не важеше.

Пејтон беше тивка додека Бен продолжуваше да зборува и се обидуваше да го прикрие незадоволството кое растеше во неа. Ѕирна кон Цеј Ди и забележа дека и тој седеше како на трње и се подместуваше де натаму де наваму на столицата. Можеше да заклучи дека ниту тој не беше пресреќен од развојот на настаните како и таа.

„Комбинацијата од вашите вештини би била совршена за овој случај“, велеше Бен. „Џаспер ми звучеше многу возбудено кога се договаравме за средба со вас.“

„Ова се прекрасни вести, Бен“, рече Пејтон, обидувајќи се да не се удави од сопствените зборови.

„Да... прекрасни.“ Цеј Ди изгледаше како не сакајќи да проголтал бубачка. „Што точно сакаш да направиме ние?“

„Џаспер ќе дојде во Чикаго овој четврток заедно со главните советници на Гибсон и неколку нивни корпоративни адвокати“, рече Бен. „Сакам вие двајца да работите заедно и сакам да го *фатите* клиентот“, тој го потенцираше зборот 'фатите' и тропна со показалецот на масата. „Мислите дека можете да го направите тоа?“

Пејтон и Цеј Ди внимателно се погледнаа еден со друг додека двајцата размислуваа за истата работа. Дали навистина можеа да го направат тоа?

Двајцата многу добро знаеја што значеше ова за компанијата и уште подобро знаеја како се игра оваа игра, па истовремено се свртеа кон Бен.

„Апсолутно“, рекоа едногласно.

Бен им се насмевна, се насмевна кон иднината на неговата фирма. Тие дефинитивно беа иднината. Тој се навали наназад како да станува емотивен. Емотивноста, без сомневање, произлегуваше од идејата за големите пари кои требаше да ги донесе овој случај.





„Ах... осум години“, рече со емотивен глас. „Осум години ве гледав додека растевте во оваа фирма, додека се претворавте во одлични адвокати какви што сте сега. Возбуден сум од оваа можност да ве видам да работите заедно - ќе бидете одличен тим. А и времето е совршено исто така, бидејќи наскоро ќе станете па...“

Наеднаш престана да зборува.

Пејтон и Цеј Ди беа дојдени до рабовите од столиците и малку недостасуваше да треснат на земја додека се навалуваа кон Бен кога тој ја прекина последната реченица.

Сфаќајќи дека кажа премногу, Бен одмавна со раката со итра насмевка на лицето. „Добро, еден чекор по друг. Сега засега вие треба да се концентрирате на клиентот и да се фрлите на подготовки.“

Пејтон заклучи дека Бен заврши со разговорот за бизнис, па стана за да замине. Но наместо да стане по неа и да ја следи, Цеј Ди остана на столицата. Пејтон збунето застана.

„Има нешто друго за што сакаш да зборуваме, Бен?“ праша таа.

Бен одмавна со главата. „Не, тоа би било сè, Пејтон. Со Цеј Ди сакам да поразговарам за нешто друго, нешто што не те засега тебе.“ Тој ѝ кимна како знак дека беше слободна. Ете, тоа беше тоа, тој беше пријателски расположен и љубезен пред неколку минути, но сега беше крут и...

Пејтон кимна и ја напушти канцеларијата на Бен. Додека ја затвораше вратата и се упатуваше кон својата канцеларија, таа наслушна само краток дел од разговорот.

„Па, Цејмисон“, рече Бен весело „се шири муабет дека си играл во Батлер викендов. Што мавате деновиве, а?“

Пејтон се обиде да не се нервира поради тоа што на Цеј Ди му беше полесно да се поврзе со нивниот шеф на

лично ниво. До ден денешен, нејзините обиди за воспоставување на слична врска со Бен беа неуспешни. Филмови? Тој не гледаше. Телевизија? Тој еднаш ја имаше прашано дали 'Пријатели' се тие дебилите што висат во кафе бар цел ден. Кога на тоа Пејтон почна да се смее, мислејќи дека тој се шегува, тој само бледо зјапаше во неа и таа веднаш престана. Од тој момент, Пејтон се заколна дека сите разговори со Бен кои не се поврзани со право ќе ги сведе на минимум.

*Уште еден поен за тимот Џејмисон,* помисли Пејтон додека влегуваше во својата канцеларија. Тој имаше автоматска предност во однос на неа: таа можеше да ги замисли со Бен во тој момент, како машки се смеат од срце додека глумат другарчиња и си разменуваат совети за тоа каква гаража е најдобра за чување на Порше/Мерцедес/Ролс-Ројс/или какви други автомобили и да имаа двајцата.

Не дека она што се случуваше помеѓу нив двајца беше некаков натпревар.

Воопшто.

Тоа што Џеј Ди, како и Пејтон, ги имаше посветено последните осум години од животот на оваа компанија (најверојатно тоа им беше *единствената* заедничка работа) беше тотално неважно за прашањето дали таа лично заслужуваше да биде унапредена во партнер. Иако се грижеше за тоа на почетокот, со текот на годините нејзината грижа дека би можеле да ја споредуваат со Џеј Ди полека исчезнуваше.

„Нема квота или максимум", Бен постојано ја убедуваше кога ги правеше годишните проценки. „Секој вработен се проценува врз основа на неговите лични достигнувања и работата во својата област." И од набљудувањето на генерациите пред нив, Пејтон можеше да заклучи дека тоа беше вистина: соработниците се оценуваа секоја година и оние кои беа најдобри во класата на сениор адвокати ги унапредуваа во партнери без разлика на вкупниот број на соработници.





Па шансите на Пејтон беа прилично добри особено со оглед на тоа што таа и Џеј Ди беа единствените останати во својата класа - сениор адвокати. Нејзината пријателка Лејни која работеше во истата компанија, но беше една класа подолу, ја увeруваше Пејтон дека ова не беше случајност. Според гласината која се ширела помеѓу помладите соработници, Пејтон и Џеј Ди ги имале исплашено сите адвокати кои требало да преминат во нивната класа. Никој од нив немал намера да работи нездраво како тие двајца и да спие на работа, па сите одлучиле дека ќе им биде подобро да останат во класата на помлади соработници уште некоја година за да не мора да бидат споредувани со нив. Така Пејтон и Џеј Ди останаа сами во класата и беше фер и реално двајцата да бидат унапредени во партнери.

Затоа немаше потреба тоа меѓу нив да биде натпревар. Тие немаа потреба да се натпреваруваат.

Искрено, Џеј Ди немаше да ѝ се допаѓа на Пејтон без разлика на тоа во која класа ќе се наоѓаше. Имаше нешто кај него што навистина, навистина ѝ лазеше по нерви.

Пејтон дојде во канцеларијата и седна на својата фотелја. Го провери компјутерот и виде дека добила триесет и два нови мејлови додека беше во канцеларијата на Бен. Со воздржа од драматична, очајна воздишка. *Уште само четири недели,* се потсети самата.

Фрли поглед врз листата со нови мејлови и очите ѝ се фиксираа на еден кој беше пристигнат од Управниот одбор. Заинтригирана, Пејтон го отвори и беше пријатно изненадена од она што го прочита:

*Во знак на почит и посветеност кон политиката креирана од страна на Комитетот за задржување на жените, компанијата гордо објавува дека е поставена нова цел за зголемување на бројот на женски партнери за 10% до следната година.*

Пејтон се навали во фотељата и го препрочита известувањето, размислувајќи за причините зад истото. Искрено, време беше фирмата да преземе некаква акција,

бидејќи јавна тајна беше дека имаа најмал процент на женски партнери од сите адвокатски компании во градот.

Таа посегна по телефонот за да ѝ се јави на Лејни, претпоставувајќи дека и таа ќе ја има истата реакција на известувањето. Среде вртење, Пејтон погледна кон ходникот и го виде Џеј Ди како се враќа од својот „Состанок за зближување на пенисите“. Таа ја спушти слушалката додека го гледаше како влегува во канцеларијата, бидејќи ова беше нешто што мораше да го види.

Џеј Ди седна пред неговото биро. Како и Пејтон, така и тој веднаш го провери мејлот. Некое време немаше никаква реакција, а Пејтон беше во состојба на слатко исчекување... и тогаш...

Очите на Џеј Ди се ококорија. Пејтон претпостави дека тој дојде до мејлот од Управниот одбор. Џеј Ди се фати за срцето како да доживуваше инфаркт, а потоа го грабна телефонот од бирото и брзо сврте некаде.

Кај неговиот пријател Тајлер, барем така мислеше Пејтон. Да беше жена која се обложува, таа сега ќе ставеше сѐ што имаше на претпоставката дека тој беше помалку воодушевен за мејлот од неа.

*Еден поен за тимот Кендал,* помисли Пејтон.

Не дека она што се случуваше помеѓу нив двајца беше некаков натпревар.

Воопшто.





# ТРИ

## „ТОА Е КОЊСКО СРАЊЕ!“

Џеј Ди почувствува задоволство кога ја тресна топката со рекетот за сквош. Тој беше во лошо расположение цел Божји ден откако го виде глупавиот мејл од Управниот одбор.

„10% зголемување на бројот на женски партнери!“ се дереше тој, а здивот му излегуваше од устата како оган. Дефинитивно не беше во форма за играње вечерва. Тајлер воопшто не се ни испоти додека Џеј Ди (кој обично беше далеку подобар играч, барем според негово кажување) цела вечер трчаше на сите страни од теренот само за да удри една топка.

Тајлер лесно ја врати топката на Џеј Ди. „И со тоа зголемување ќе бидат само дваесет и осум проценти“, рече тој весело.

„Што си ти, Глорија Стејнем?“ Џеј Ди луто зјапаше во својот пријател како да беше смртен грев тоа што ја бранеше промената во политиката која компанијата ја објави дента. „Тоа е нивна одлука, Тајлер“, продолжи тој. „Нема никаква дискриминација, никакви чуда - тие жени сами одлучуваат да престанат да работат, тоа е нивна волја.“

„Ахх... повторно се јави гласот на еднаквите права“, Тајлер се засмеа.

„Еј, јас целосно ги поддржувам еднаквите права“, рече Џеј Ди додека уште еднаш ја удираше топката со сета сила. Искрено, го нервираше незаинтересираноста која неговиот пријател ја покажуваше во врска со мејлот кој пристигна од Управниот одбор. На крајот на краиштата и тој работеше во истата компанија и можеби оваа година тој не беше во трката за партнерство, но кога-тогаш ќе дојдеше и неговото време.

„И секој друг кој *наводно* се заложува за еднакви права би требало да биде против таа политика“, продолжи Џеј Ди. „Тоа сега е дискриминација во спротивниот правец.“

Тајлер само ги крена рамениците. „Тоа е само уште еден таргет на компанијата. Зголемување за 10%. Каква разлика ќе направи?“

Џеј Ди не можеше повеќе да го слуша. Не сакаше да чуе ниту еден збор повеќе. Ја фати топката со едната рака и ненадејно ја прекина играта. Потоа го насочи рекетот кон Тајлер. „Сега ќе ти кажам кој е мојот проблем.“

Тајлер го спушти својот рекет и се потпре на ѕидот. „Чувствувам дека би ми било паметно да си заземам удобна позиција за ова зошто може да потрае.“

Џеј Ди го игнорираше неговиот сарказам. „Теренот веќе не е еднаков и рамен - ете тоа е проблемот. Можеби ти немаш проблем да го прифатиш тоа, но јас имам. Многу добро ти е јасно, исто како и мене, дека во ова време, ако маж и жена се подеднакво квалификувани за некоја позиција, жената е онаа која ја добива работата. Не играме на ист терен повеќе. Не знам што е проблемот, можеби ова социјално либерално, политички коректно општество во кое живееме. Мажите треба да бидат двојно подобри за да останат конкурентни на работното место. Жените едноставно треба да се изборат да останат во трката и тоа е сè.“





Тајлер скептично го гледаше. „Навистина веруваш во ова?“

„Апсолутно“, рече Џеј Ди. „Барем во нашата област е така. Игра на броеви - ги добиваат добрите позиции затоа што е паметно да се има тој процент на жени во компанијата или во партнерската постава. Многу мал број на жени остануваат во големите адвокатски фирми - и тоа повторно по *своја волја*“, тој брзо истакна „така што кога ќе се појави една жена која е полу-достојна за да биде партнер, таа веќе е со едната нога на таа позиција. Но ги прашува ли некој момците како мене и тебе?“

Тајлер ја отвори устата за да проговори.

„Во право си, никој не нè прашува“, Џеј Ди ја заврши реченицата наместо него. „Никој од Одделот за човечки ресурси не му кажува на Управниот одбор дека треба да го зголеми процентот на бели мажи кои ќе станат партнери. Па значи ние...“ тој покажа со показалецот „мора да се бориме за себе и да се осигураме дека нема да им дадеме некоја дополнителна причина за да не нè унапредат.“

Тајлер ги крена рацете. „Добро, ајде само смири се - те молам. Знам дека си под стрес деновиве...“

„... Само велам дека секој треба да биде оценуван на иста основа и според исти критериуми. Дека не треба да влијаат никакви дополнителни фактори како пол, раса, националност, потекло или...“

„... поради одлуката за партнерство која треба да ви ја соопштат и сфаќам дека си нервозен...“

„... па така секоја личност ќе има подеднаква шанса...“ Џеј Ди запре. Тој штотуку ги слушна последните зборови на Тајлер. „Чекај - ти мислиш дека сум нервозен поради одлуката за партнерство?“

Тајлер го погледна. „Сакаш да кажеш дека не си нервозен?“

„Сакаш да кажеш дека имам причина да бидам нервозен?“

Џеј Ди разгледа околу себе и го стиши гласот до шепот. „Зошто, што слушна? Знаеш ли нешто? Чекај, не е важно - не ми кажувај. Не, навистина - што е?“

Тајлер се насмеа. „Смири се, другарче. Не сум слушнал ништо. Управниот одбор не ги споделува клучните одлуки со помладите соработници.“

Џеј Ди се издиша со олеснување. „Да, така е.“ Враќајќи се на својата маска на ноншалантност, тој му ја подаде топката на Тајлер. „Ти сервираш.“

Неколку минути двајцата играа во тишина и единствениот звук кој се слушаше беше удирањето на топката додека си ја подаваа еден на друг.

По некое време, Џеј Ди конечно ја прекина тишината. „И колку да знаеш, не верувам дека сум под стрес, но ако сум малку нервозен, онака, ете, како што велиш, тоа е природно. Мислам, во прашање се осум години. Тоа е мојата работа, знаеш. Тоа е...“

„... единствената работа која си ја направил без помошта на татко ти и не сакаш да ја заебеш“, го пресече Тајлер. „Го сфаќам тоа.“

Џеј Ди се вкопа во место. Топката помина покрај него, се одби од ѕидот, а потоа скокна назад на теренот и се тркалаше сè додека не застана сама од себе. Тој погледна во Тајлер, тивок како камен.

Тајлер невино се насмевна. „Упс, да не беше тоа една од работите кои не смеам да ги кажам на глас?“

Џеј Ди не рече ништо. Како негов најдобар пријател, Тајлер беше свесен дека темата за татко му на Џеј Ди беше забранета.

„Но мислев дека се зближуваме“, продолжи Тајлер. „Знаеш, како двајца дискриминирани бели мажи.“

Џеј Ди му упати поглед чие значење беше јасно како бел ден. „Многу слатко. Само ти смеј се сега ама ќе видиме кој ќе се смее за две години кога ќе ти го клоцнат газот надвор на улица со ништо повеќе освен едно 'ти благодариме за времето'.“ Џеј Ди покажа кон теренот.





„Сега, ако заврши со давањето лични забелешки за мојата психа, ќе сакаш ли да поиграме малку сквош денес?“

Тајлер се поклони како знак за согласување. „Се разбира.“

Повторно ја продолжија играта. Во тишина. Фокусирани. Џеј Ди штотуку почна да се враќа во колосек кога Тајлер начна една друга тема за која тој уште помалку сакаше да разговара.

„Па, ве видов утрово со Пејтон кога поминавте покрај мојата канцеларија“, рече Тајлер. „Ми изгледавте слатки и блиски, како и секогаш.“

Џеј Ди се фрли кон топката и ја утна. Со тивка пцовка под мустаќ, тој стана на нозе и ја зеде топката. Беше свесен дека Тајлер повторно го буцкаше и дефинитивно немаше намера да му дозволи тоа да му успее по вторпат.

„Имавме состанок со Бен“, одговори тој смирено. Ја фрли топката кон Тајлер.

Како што продолжи играта, така продолжи и буцкањето на Тајлер. „Па... ѝ честиташе ли за статијата во *Адвокати на Чикаго*?“

Џеј Ди се насмевна, присетувајќи се на разговорот со Пејтон од утрото. „Да, всушност, ѝ честитав. На мој начин, се разбира.“

„Знаеш, мислам дека би требало нејзе да ѝ го кажеш твојот став во врска со тоа дека сè што треба да направат жените е да останат во трката“, го задеваше Тајлер. „Сигурен сум дека и таа ќе сака да го сподели со тебе своето мислење на темата.“

Џеј Ди на ова драматично издиша низ носот. „Ти се молам, како мене да ми е гајле за тоа што би можела да каже Пејтон. Што може да направи, да ми покаже уште еднаш како изгледа кога нервозно си ја зафрла косата преку рамо?“ Тој одглуми дека има долга коса и замавна со раката како да сакаше да ја префрли преку рамо. Нема потреба да се потенцира дека неговата глума беше претерана и воопшто не изгледаше како зафрлањето на косата кое го правеше Пејтон. „Слушај ме кога ти кажувам,

еден ден има да ја фатам за таа коса и...“ Тој ги крена дланките нагоре како да давеше некој невидлив врат и додека рацете сè уште му беа во воздух ја удри топката која Тајлер ја сервираше. Двајцата удираа, де едниот, де другиот, концентрирани на играта кога Тајлер наеднаш прозборе.

„Кажи ми, насилството секогаш е дел од твоите сексуални фантазии?“

Џеј Ди се здрви во место и наеднаш се сврте кон Тајлер.

„Сексуални?“

... и топката која се одби од ѕидот го тресна директно во лицето. Тој се затетерави наназад и се плесна на земја.

Тајлер застана над него и го сврте рекетот во раката. „Ова е фино. Би требало почесто вака да си разговараме.“

Џеј Ди посегна по топката, ја зеде од подот и ја фрли кон Тајлер.

ПОДОЦНА ТАА ВЕЧЕР, ЏЕЈ ДИ се упати кон својот дом со болка во образот. Тој не знаеше што повеќе го болеше - дали лицето или егото. Тој беше многу натпреварувачки настроен и сè уште не можеше да си објасни како можеше да му дозволи на Тајлер така лесно да му го одвлече вниманието. Да го буцка за Пејтон, тоа беше толку... детски. Но што можеше да каже? Како и секогаш, таа го будеше најлошото во него. Очигледно дури и во една обична партија сквош.

Да зборуваме реално, Џеј Ди во моментов имаше поважни нешта на ум отколку Пејтон Кендал. Се чувствуваше уморно додека го паркираше автомобилот во подземната гаража на скапата зграда во која живееше. Навистина уморно. Како дури сега да го стигаше заморот од сите оние години наназад во кои работеше по деветнаесет часа дневно.





Додека одеше кон лифтовите тој по вторпат го притисна копчето од далечинскиот управувач за автомобилот само за да се увери дека возилото беше заклучено. Свесен беше дека се однесуваше премногу заштитнички кон својот автомобил, но ајде - кој не би се однесувал? Тој секогаш се шегуваше на своја сметка во врска со тоа колку му се потресуваше на своето Бентли и иако овие шеги му беа смешни на Тајлер, татко му на Џеј Ди воопшто не се смееше на нив. Всушност, токму тој автомобил, сребреното Бентли Континентал ГТ беше причина за „Расправијата“, фамозната караница помеѓу него и татко му која се случи пред две години.

Татко му на Џеј Ди, почитуваниот господин Престон Д. Џејмисон еднаш се обиде да му каже на Џеј Ди како да си го живее животот.

„Мораш да го продадеш автомобилот“, многу одлучно му рече татко му, дента после погребот на дедо му на Џеј Ди.

Џеј Ди тогаш истакна дека дедо му, исклучителниот претприемач Ерл Џејмисон, во својот тестамент специјално му го остави тој автомобил токму нему. Тој потсетник дополнително го изнервира татко му кој дефинитивно не беше некој љубител на автомобили и дефинитивно имаше нешто против блискоста на Џеј Ди со дедо му.

„Но не можеш да одиш на работа со тој автомобил - партнерите нема да сакаат да гледаат некој млад адвокат како се развозува во возило од сто и педесет илјади долари!“ Татко му се обиде да го премисли напаѓајќи ја неговата слабост, тој знаеше колку му беше важно на Џеј Ди да биде успешен во фирмата. Но за прв и (до ден-денес) единствен пат, Џеј Ди имаше друг приоритет кој му беше поважен од фирмата - тој автомобил нему му значеше многу повеќе отколку што татко му можеше да замисли.

На тоа, Џеј Ди уморно му се насмевна на татко му. Деновите пред и по погребот на дедо му за него беа

многу долги и тешки. „Всушност, тато, автомобилот чини сто и деведесет илјади долари - ова е верзијата со алуминиумски бандажи и спортски ентериер. И да, можам да одам со него на работа, прилично лесно всушност, знаеш, тргнувам по јужниот булевар покрај езерото и излегувам на булеварот Вашингтон...“

Татко му не се насмеа на таа шега.

„Знаеш ли што ќе речат луѓето?“ татко му почна да збеснува. „Не е достоинствено еден главен судија во апелационен суд да има разгален плејбој син кој се вози наоколу во некој спортски, безобразно скап автомобил!“

Џеј Ди се обиде да го прикрие својот бес и да не го удостои коментарот со одговор. Се разбира, во тоа време немаше девојка и се гледаше со некоја одвреме-навреме, но плејбој беше малку претеран опис. Искрено, тој толку многу се имаше посветено на работата што воопшто немаше време за нормален социјален живот. А покрај тоа, тој знаеше што беше вистинскиот проблем во ситуацијата - репутацијата на татко му, а не неговата. Па, зошто да не? Татко му можеше едноставно да го додаде и ова на листата со причини поради кои беше целосно разочаран од него. Не дека постоечките причини беа малку: тој не стана уредник во адвокатското списание на Харвард, не беше женет и - најлошото од сè - ја одбра компанијата Рипли и Дејвис, една од двете компании кои беа најголеми конкуренти на фирмата во која работеше татко му како сениор партнер пред да стане судија.

Но она што му пречеше на Џеј Ди многу повеќе од разочарувањето на татко му и грижата за неговата професионална репутација (во своите триесет и две години тој веќе се имаше навикнато да живее во сенката на тие две работи), беше фактот што тој имаше образ да го нарече разгален. Се разбира, неговото семејство имаше пари, многу пари, но тоа не значеше дека сите треба да го занемарат фактот што тој се убиваше од работа за да биде она што беше. Токму тоа беше причината поради која одбра да не работи во старата фирма на татко му: не





сакаше да добива никаков посебен третман само заради неговото презиме.

Можеби ако беше некој друг ден, Џеј Ди повторно ќе го игнорираше тоа што татко му одбиваше да им даде значење на неговите достигнувања, но тој ден, со сите емоции кои се брануваа во него поради погребот на дедо му - едноставно не можеше повеќе да го игнорира. Па тој кажа некои работи додека сè повеќе и повеќе го повишуваше тонот, па татко му кажа некои работи, па повторно Џеј Ди и во нападот на бес тој објави дека не сака повеќе ни една железна паричка од неговиот фонд. Џеј Ди тогаш се заколна дека од тој момент, па до крајот на животот ќе живее само од она што ќе го заработи самиот.

И така беше до ден-денес.

Добро, да бидеме реални, тоа не беше некоја фискално невозможна мисија. Во времето кога се случуваше таа расправија, Џеј Ди веќе работеше во фирмата цели шест години и заработуваше најмалку 300.000 долари годишно плус бонус. Но тоа сепак беше многу помалку од сумите со кои кој било Џејмисон беше научен да живее. И Џеј Ди беше горд на тоа.

Исто така беше горд на Бентли-то. Автомобилот не беше само сентиментална врска помеѓу него и дедо му туку беше и симбол на објавата на независност на Џеј Ди и доказ дека тој повеќе немаше намера да ги следи чекорите на татко му. Меѓу другото...

*Навистина* изгледаше кул кога го возеше.

Додека се возеше со лифтот кон неговиот стан на четириесет и четвртиот кат ('Не си на поткровје?' го праша мајка му со чист хорор во очите кога првпат ја доведе за да ѝ го покаже станот), Џеј Ди размислуваше за коментарите на Тајлер кои беа кажани за време на нивното играње. Не сакаше никому да признае, но тој навистина стануваше сè понервозен со секој изминат ден додека ја чекаше објавата на одлуката за партнерствата.

Сепак, си размислуваше Џеј Ди додека одеше низ ходникот и ја отклучуваше вратата, состанокот со Бен му откри неколку работи во врска со сомнежите кои ги имаше во последните неколку недели. Не успеа да му се провлече она што на Бен за малку ќе му се испуштеше, дека тој и Пејтон наскоро ќе станат партнери. Џеј Ди забележа дека ниту Пејтон не го пропушти она што му се лизна на Бен - тој дефинитивно го виде сјајот во тие нејзини темни, сини очи.

Најверојатно истиот сјај го имала и додека го читала мејлот од Управниот одбор. Барем таква беше претпоставката на Џеј Ди. Ги фрли актовката и торбата со опрема за вежбање на каучот во дневната соба. Веднаш спроти тој кауч се наоѓаше најубавиот дел од неговиот стан - огромни прозорци од подот до таванот од кои се гледаше речиси целата авенија Мичиген и зад неа, сината убавина на езерото Мичиген. (’Барем има добар поглед ако ништо друго‘, мајка му се издиша драматично кога дојде до овој дел од станот).

Да, дефинитивно, Џеј Ди воопшто не се сомневаше дека мејлот од одборот ѝ го разубавил денот на Пејтон. Таа беше бистра, никогаш не играше директно со картата за полот пред партнерите во фирмата, но исто така никогаш не пропушташе можност да го истакне својот феминистички статус. Како на пример со статијата за „Четириесет опасни женски адвокати под 40 години“. Единствената причина поради која самиот ја спомна статијата беше тоа што не сакаше да ѝ пружи задоволство таа да ја начне темата и да му го трие тоа од нос.

Не дека она што се случуваше помеѓу нив двајца беше некаков натпревар.

Ако се прашуваше тој, Пејтон Кендал можеше да се појави и во *десет* списанија, можеше да ја врти и целата фирма околу еден од нејзините либерални феминистички прсти - и него пак немаше да му биде гајле. Џеј Ди знаеше дека е добар адвокат, многу добар адвокат. Тој имаше план за кога ќе го унапредат во партнер (па дури и





ако ја унапредеа и неа). Имаше план кој требаше да стапи во сила тогаш кога ќе има целосна контрола врз изборот на луѓе со кои ќе работи - неговиот план беше да се осигура никогаш повторно да не работи со Пејтон.

Сега требаше само да собере сили за да го протурка овој случај со фармацевтскиот синџир на Гибсон...

Џеј Ди брзо се истушира. Веќе беше доцна, а тој мораше да стане рано следното утро. Малку недостасуваше Пејтон да стигне пред него во канцеларија утрово и тој мораше брзо да реагира за да ја остави таа ситуација зад нив.

Не дека она што се случуваше помеѓу нив двајца беше некаков натпревар.

Воопшто.